Дијана Буразер

# портокал и друга куќа

Издавач МАКАВЕЈ, Скопје
ул. Петар Ацев, 20/11
1000 Скопје
тел. + 02 3290 528, + 389 75 36 50 50
www.makavej.com.mk
e-mail: makavej@gmail.com

Директор
Јагода Цветкоска

Главен и одговорен уредник
м-р Владимир Цветкоски

Препев
Владимир Цветкоски

Редакција на препевот
Бранко Цветкоски

Дизајн на корица
Кристи Георгиевски

Наслов на оригиналот
NARANČA, Fidipid, Zagreb 2008.
DRUGA KUĆA, Tribina Jutro poezije, Zagreb, 2003.

© copyright of the translation: S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
© копирајт на преводот: фондација „С. Фишер“ по налог на ТРАДУКИ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.42-1
821.163.42-32

БУРАЗЕР, Дијана
Портокал и друга куќа / Дијана Буразер ; препев Владимир Цветкоски. - Скопје : Макавеј, 2012. - 119 стр. ; 23 см
Превод на делата: Naranča ; Druga kuća / Dijana Burazer
ISBN 978-608-205-127-7
I. Burazer, Dijana види Буразер, Дијана
COBISS.MK-ID 91142154

* * *

Објавувањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, книжевна мрежа, на која ѝ припаѓаат Сојузното министерство за европски и меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската културна фондација Про Хелвеција, КултурКонтакт Австрија, Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска и фондацијата „С. Фишер“.

* * *

Сите права на изданието ги има ИД "Макавеј" - Скопје.
Забрането е копирање, размножување и објавување на делови
или на целото издание без одобрение од издавачот.

ДИЈАНА БУРАЗЕР

# портокал
# и
# друга куќа

препев: Владимир Цветкоски

traduki

Скопје, 2012

*ПОРТОКАЛ*

## ПОРТОКАЛ
(или песна за љубовта)

Зрел и голем го земам во левата рака,
со десната го милувам,
со показалецот ја допирам речиси секоја брчка.
Јазлите,
во кои обитува неговата стврдната тага,
секогаш ме изненадуваат со својата големина.
Со ноктот му го нанесувам првиот бодеж.
Не дава видлив отпор
и не се спротивставува.
Во тишината
со жолта солза
си ја возвраќаме
согласноста на мачниот процес што ни претстои
и го означуваме почетокот.
Понатаму сè е вообичаено:
му го соголувам едното рамо,
потоа другото.
Потоа и половината.

Набрзо целосно гол
во тенката проѕирна кошулка
се тресе пред нашите очи.

Ајде, подели го, убаво изгледа – велиш
чекајќи на оддалеченост од која
сè изгледа добро.
Одолговлекувам со последниот потег на соблекување
зашто знам
кога целосно ќе го соголам и располовам
ќе биде тешко да се одржи
дури и сеќавањето
на убавината на неговата целост.

# ПЕПЕРУГА
(или слична глетка)

Распната со четири иглички
на модрата кадифена подлога,
го чекам, сега веќе нестрпливо,
завршувањето на целиот процес
за да можам што побрзо да умрам.

Станува збор за достоинството
и за желбата, под стакленцата,
донекаде да задржам убав израз на лицето
за подоцна и само погледот на мене
доволно да те заболи.
Ослободена од секаква помисла нешто да изменам
се обидувам да се сместам во глетката на сликата
од молитвеникот
оставен на масата.
Можам да мрдам само со усните,
со очите да ги допирам далечните дланки.
Можам да Му се помолам Нему
кого со крајчето од окото сега го гледам
како самоволно слегува од крстот и
ми приоѓа.
    Ниту јас, кога ми беше најтешко,
    не можев да ги склопам рацете –
ми шепоти на увото.
Бришејќи ги рацете
со краевите од мојот фустан
го зема молитвеникот
го става под мишка
и не допирајќи ја земјата со нозете
ме остава.

Замислете,
ме остава!?

# ЅИД

Кога е изграден?
Не знам.
Кој наредил да се крене?
Можеби некој од нас неколкутемина.
Тука е.
Висок
сигурен
и моќен.
Можам да посведочам за неговата цврстина
зашто со години се потпирам на него,
а тој сè уште не попушта.
Можам да сведочам и за неговата сигурност
зашто со години зад него се криев,
а тој не ме предаде на тие што ме бараа.
На моменти ми се чинеше превисок,
што од неговата височина не ги гледав добро другите нешта
и луѓето кои поминуваа покрај мене,
и не ме допрело нешто
кое сепак требало да ме допре.
Но сето тоа,
со неизмерна благодарност,
го заборавав уште при првиот посилен ветер.

Сепак,
не можам да се оттргнам од сомнежот
дека тој ѕид
нешто ми украде,
дека од нешто ме заштити,
а за кое никогаш,
воопшто никогаш,
не сум го овластила.

# ДНЕВНИКОТ НА ХИПЕРБОЛАТА*

*Првиот ден*
Имам затнати уши.
Ги одбивам падобранецот и бонбоната.
Нека се збидне сè што треба да се збидне.

*Вториот ден*
Сè уште паѓам.
Полошо е отколку што мислев.
Целата мојата тежина се смести, во сега веќе издолжената
глава која прецизно го сече просторот пред себе.
Другите делови од телото се лесни, и на моменти не ги
чувствувам.
Без никаков напор се стрмоглавуваат надолу во низа.

*Третиот ден*
Сè уште ја зголемувам брзината, но и опасната
едноставност на движењето.
Стравот што ме обземаше на почетокот,
од некоја необјаснива причина, е потиснат.
Речиси станува забавно.
И благо еротизирано.
Не сум сигурна дека сите органи во телото се добро
распоредени.
Само сум сигурна дека срцето не ми е во градите,
и дека бувта
некаде на опашката.

*Четвртиот ден*
Ненадејна болка во грбот. Сум се свиткала во последниот
миг да ја спасам главата од судирот со нешто кон кое
вртоглаво се приближував.
Секој си има судбинска граница, заканувачка црта Х.

---

* математичка крива во првиот квадрант

Не можам да пишувам долго. Сета сила ја трошам
за да преживеам.

*Петтиот ден*
Успеав сè одново да ставам под контрола.
Избегнатиот судир беше повод за мала прослава.
И не паѓам веќе.
Или само така ми се присторува?

*Шестиот ден*
Ако замижам со едното око ми се чини дека
растојанието меѓу мене и земјата веќе не се смалува,
и дека успевам да се движам по блиската паралела.

*Седмиот ден*
Сè знам.
Но се согласувам со илузијата дека нема бесконечност.
Или ако веќе постои, сигурно е некаде во далечната иднина,
и е нестварно убава.

# ЛОШ ДЕН

Ништо посебно не се случи,
но цел ден
не ми даваат мир моите емоции.

Непожелни се
како мувлата на сирењето
што остана заборавено во фрижидерот,
како густата магла врз стаклото на автомобилот
додека се обидувам да го погодам свијокот.
Како непрекината колона од жолти мравки
кои просто никнуваат од никаде
и упорно се лизгаат по ѕидот
кон никаде.

Тие мачителки го освојуваат целиот можен простор,
ослободени дури и од она малку пристоен страв
од упад на некој
или нешто
што е поинакво.

Пред крајот на денот се предавам и веќе не се борам.
Лежам на каучот,
по десетти пат го гледам истиот филм.

Колку би било добро да заплачам поради Неа
која Тој штотуку ја остави или
да станам ненадејно
да се удрам во коленото или
да заспијам,
пред да донесам лоша одлука
и да го окончам овој ден.

# ИЛУЗИЈА

Моето тело има невидлива стража:
постара сум одошто ви се чини.
Жените на моја возраст
дење пред куќата
потпрени до вратата
верно го прикрепуваат покривот
и обесените облаци.
Сплетената побелена мудрост
тешко ја носат без бастун.
Зборуваат малку и
чудно.

Ѕвонат акордите во коскените пукнатини
додека, приквечер,
несигурно чекорат по камениот пат.
Повремено се среќаваме
на темните страни од блиската планина
во заветрината
далеку од светлините
и од младоста.

Моето срце нема никакво прибежиште:
помлада сум одошто можете да си замислите.
Јас сум приучена владетелка во долината,
небото над мене е
според мојата мера
мудро и оддалечено.
Не користам никаков штит,
просто така
врзувам шамија преку очите
и одам по цвеќарникот.

Едно од ова е илузија,
ми вели илузионистот
обгрнат со црн
семоќен превез,
великодушно
оставајќи ми
можност за избор.

# ВРЕМЕТО КОЕ НИ ОСТАНУВА

Од тебе до мене распнато небо,
безбедно шаторско крило над модрото езеро.
Убава можам да бидам само
кога
во водената магличка
ме допира сребрената месечина.

Времето кое ни останува
се лизга неповратно:
тивките веслачи на видикот,
свилениот шал врз голите рамена.
Во немиот филм
за миг, запрен во паѓање,
маскираниот коњаник.

Остана многу што не сработивме.
Вистинската длабочина на езерото уште ни е непозната,
растојанието од нас до вселената не го доловивме,
многу земја сè уште не изодевме.
Но сфативме
дека смеата и плачот
исцрпуваат исто количество енергија.
Научивме
дека големата радост
е сиромашна и
дека богатството на страдањето
е неискажливо.
Првата
нерадо ја делевме со пријателите,
страдањето,
кое исто така го нудевме,
никој не го сакаше.

# ДО ИСТЕКОТ

Испадена отсекаде
се преместувам
во куќата на своето тело.
Видно нестручно го носам
вишокот направени делови,
ставам некоја нова
за мене непозната
форма.

Упатствата за ставањето не се дадени,
иако секој ден
во истиот дуќан
купуваме леб, млеко
и време.
Само е речено:
    ништо не можете двапати да повторите,
    во случај на грешка обидете се одново
    да направите сè од почеток.
    И така сè до истекот на траењето.

Ја приврвшувам работата,
уште само да успеам да ја пренесам
детската душа
во ова смешно човече
кое веќе не можам да го контролирам.
Набрзина направената макета
станува,
оди на раце,
на главата под старомодната шапка ѝ висат нозете.
Го зема бастунот
и срцето од орманот.

# СВЕДОК

Ниту една револуција
ниту една, па и најмалата војна
што е водена било каде во светот
по завршувањето
не ги сака своите сведоци.
Оние што знаеле сè,
сведоците што можеле да станат опасни
еден ден кога сè ќе се заборави.
Оние што можеле да сведочат за вистината.
А вистината си е вистина,
ниту е секогаш едноставна,
ниту е сосема јасна.

Сведоците се појавуваат кога најмалку се надеваме,
бараат одмазда
кога веќе ние живееме друг живот,
нè враќаат назад,
нè потсетуваат на поинакви денови,
и очекуваат да се запрашаме
како сме можеле да простиме.

Многу, многу подоцна,
кога ќе им подлегнеме и ќе направиме грешка,
ќе сфатиме
дека всушност ним им била потребна одмазда
дека само ним им била потребна
уште една војна.

## ПОБЕДНИК
(или нешто за тагата)

И на врвот од својата слава стои пред огледалото:
сега ми треба пријател,
му вели на својот лик.
Со рацете ги растегнува ѕвездите,
додека под него
догорува запалениот престол.

Би требало да се помести од повеќе причини,
а една од нив е очигледна:
ќе се престори во прав и
ќе исчезне без присуството на оние на кои оваа глетка
им е наменета.

И никој ништо нема да знае за почетокот.
И никој ништо нема да знае за крајот.
Чуму тогаш победата или
како сѐ уште се нарекува тоа?
И кому му е потребна таа светлина
среде која стои?

# ЗНАМИЊА

Тажна е храброста на знаменосецот во воените походи,
во рацете
наместо оружје
носи знаме
за кое му рекле дека вреди и да се умре.
Обично е премлад за да разбере сè,
но детската доверба и занесот
се доволни
за чинот на носењето.

Сонуваше, заправо,
дека јава коњ
дека вози тенк
дека јуриша со пушка.
Од метежот на бојното поле
и од воените повици од двете страни
веќе не е сигурен во ништо.
А и нема време да размислува.
Само јуриша стегајќи го до болка
дрвениот
јалов
алат.
Со повремените гласни извикувања
на штотуку научените пароли
ја прихранува својата премалена храброст.

На широката, некогаш зелена, пољана
неговата смрт
е речиси залудна.
Знамето што го носел веќе следниот ден
некаде, во некој град
ќе биде изгазено или запалено.

Одликувањата секогаш ги добиваат други.
Децата-знаменосци,
како и тие
кои им носат вода на жедните,
никој не ги памети.

# СЕКОЈА ПРИКАЗНА ПОЧНУВА СО МОЛК

Ноќеска одново
блискиот мост се зголеми
за една
неправилно прекршена слика
на светот,
за нечија недостапна осаменост,
за една безгласна тажаленка.

Секоја приказна почнува со молк
само
и на молкот и на приказната
им треба време.

Нè подлажува удобноста на ѕвезденото небо
над спасоносниот лак од камен.
Ноќната бестелесност,
на која не можеме да ѝ одолееме,
донесува само привид
и божем прифатена нормалност.
Се обидуваме да го избришеме последниот премин
до тие кои упорно нè чекаат.

Секоја приказна почнува со молк,
нејзе треба
само да ѝ се даде време.

СОДРЖИНА

*ПОРТОКАЛ*


| | |
|---|---|
| портокал | 7 |
| пеперуга | 8 |
| ѕид | 9 |
| дневникот на хиперболата | 10 |
| лош ден | 12 |
| илузија | 13 |
| времето кое ни останува | 15 |
| до истекот | 16 |
| сведок | 17 |
| победник | 18 |
| знамиња | 19 |
| секоја приказна почнува со молк | 21 |
| патоказ | 22 |
| коцка | 24 |
| аквариум | 25 |
| стари град | 26 |
| мостар | 28 |
| смс, мостар (i) | 29 |
| смс, мостар (ii) | 30 |
| загреб | 31 |
| париз | 32 |
| венеција | 34 |
| selca (брач) | 35 |
| слегување | 36 |
| предигра | 37 |
| калинка | 38 |
| заљубеност | 39 |
| колку лесно се уништува светлината | 40 |
| роза | 41 |
| најпосле сѐ за тоа рековме | 42 |
| време за нијанси | 43 |
| утрински бакнеж | 44 |

едрење 45
февруари на островот 46
мајкината соба 47
татко ми ги симнува очилата 48
доцна наесен ќе допатуваше мајка ми 49
осаменост или слобода 51
déjà vu 53
казна 54
exit 55
кутија 56
грев 57
острови под снег 58
тишина 59
совршена поделба 60
искуството 61
пријателите 62
одмаздата 63
лагата 65
најпосле песна за тебе 66
патник 67

*ДРУГА КУЌА*

кралот е гол 71
маската на сигурниот минувач 72
претстава 73
начин на владеење 75
snake 76
игра 78
стратегија 80
еднаш годишно 82
наметка 83
завист 84
шаховскиот губитник 85
кој ја гради оваа куќа 86
запис за спасувањето 87
запис за стравот 88
запис за куќата 89

запис за војникот 90
во предворјето 91
друга куќа 92
потрага по богатство 94
недовршен портрет 96
љубомора 97
рид 98
залез 99
ноќ 100
утро 101
страв 102
школка 103
крст 104
заробеник 105
непознатото познато 106
хипербола 107
леснотијата на пловидбата 108
моќта на составувањето 109
експонат 110
навика 111
начин i 112
начин ii 113
начин iii 114
прв квадрант: љубов 115
водени рози 116
сите овие години 118